Оглас за слободно работно место :
**Специјалист за интернет маркетинг**

| | |
|---|---|
| Назив на работодавач: **Стиг Комуникации Инвест** | Назив на работно место: **Специјалист за интернет маркетинг** |
| Локација: **Скопје** | Оддел: **Маркетинг** |
| Датум на објавување на огласот: | Вид на вработување: **Неопределено** |
| Рок за пријавување: | Почеток и завршеток на работно време: **од понеделник до петок, претпладне од 8.30 до 16.30 часот** |
| Број на барани работници: | Работно искуство: најмалку 3 години |

СТИГ КОМУНИКАЦИИ ИНВЕСТ– специјализирана компанија за Интернет Маркетинг сервиси и развој на Веб решенија нуди можност за нови вработувања во одделот за Маркетинг. Ги поканува заинтересираните кандидати да аплицираат за горенаведената позиција.

**Опис на работно место:**

- Планирање, развивање и имплементација на Интернет маркетинг кампањи на Социјални Медиуми, Google Ads и Е-маил Маркетинг;
- Идентификување на новите трендови во индустрија и следење на можностите и потребите за маркетинг и продажба со цел зголемување на портфолиото на нашите онлајн услуги;
- Управување со односите и одржување на активна комуникација со постојаните клиенти во насока на имплементација на тековните проекти;
- Активно партиципирање во подршка на продажниот процес преку истражување и идентификување на потребите на пазарот и клиентите за интернет маркетинг услуги во земјата и странство;
- Истражува, анализира и врши стимулација на потенцијалните и постоечки пазари/клиенти преку презентирање на портфолиото на услуги како и обезбедување добра основа за раст и развој на бизнисот преку зголемена продажба.

**Потребни способности и вештини:**

- Активно користење и напредно познавање на маркетинг платформите на најпопуларните социјални мрежи (Facebook, Instagram, LinkedIn) како и Google Ads маркетинг платформата.
- Солидно познавање на различните форми на интернет маркетинг со акцент на Маркетинг на Социјалните Медиуми.
- Напредно познавање и активно користење на Англискиот јазик (говорење и пишување).
- Одлични комуникациски вештини (лице во лице, телефонски, e-mail комуникација).
- Силни презентациски вештини.
- Добро познавање на бизнис секторот во Македонија и генерална информираност за маркетинг секторот.

- Способност за отпочнување, создавање и негување на бизнис релации со потенцијални и постоечки клиенти и соработници.

**Образование:**
Завршени додипломски студии од областа на е-бизнис, маркетинг, економија или други бизнис ориентирани студии.

**Познавање на технологии:**
Задолжително : MS Office, PowerPoint.
Пожелно : Adobe Photoshop, HTML, CSS

***Потребно работно искуство :***

- **Специјалист за интернет маркетинг –** најмалку 3 години

***Комуникациски, организациски и други вештини***
***Минимум квалификации:***

- Солидно познавање на АНГЛИСКИ јазик;
- Добри комуникациски (писмени и усмени), организациски и презентациски вештини;
- Тимски играч со одлични интерперсонални вештини;
- Креативно размислување;
- Самоиницијативност и проактивност во работата и задачите;
- Посветеност на постигнување на резултати;
- Ефикасност, точност и навременост.

***Што нудиме:***

- Паричен износ на основна нето плата: /
- Учење и можност за професионален развој;
- Пријателска и флексибилна работна средина.

***Како да се аплицира:***
За да аплицирате за позицијата, заинтересираните кандидати може да испратат e-mail со назнака “**Специјалист за интернет маркетинг** ” и CV на англиски јазик на маил contact@cyberlinkmedia.com , и да ја назначат позицијата за која што аплицираат.

За повеќе информации посетете ја Нашата Веб страна http://cyberlinkmedia.com/

Во согласност со Законот за заштита на личните податоци, со поднесување на апликација (CV) Согласни сте Вашите лични податоци да бидат предмет на обработка за Стиг Комуникации Инвест, Скопје и на своите клиенти (клиенти) во процесот на селекција на кадри за вработување во Стиг Комуникации Инвест или на својот клиент.
Вашите лични информации нема да се користи за други цели освен за одредени истите ќе се чуваат во согласност со законските прописи.

Одделот за човечки ресурси заедно со соодветните организациони единици ги разгледува сите апликации и изготвуваат кратка листа на квалификувани кандидати кои ќе бидат поканети на тестирање и / или интервју.

Рокот во кој ќе се изврши избор на кандидати е 45 дена по истекот на рокот на пријавување во зависност од бројот на пријавените кандидати.